*Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе*

***О Д Л У К А***
***за избор на најповолен понудувач***

*1. За најповолен понудувач, за набавка на услуги – изработка на веб базирано решение за водење и евиденција на предметите за бесплатна правна помош за потребите на Министерство за правда, согласно техничката спецификација во тендерска документација, се избра*

*„ Друштво за производство, трговија и услуги АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје "*

*2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.*

*3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.*

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

*Министерството за правда врз основа на спроведената постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги согласно член 48 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените три понуди од страна на тројца економски оператори и спроведената електронска аукција преку ЕСЈН, согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.*

Одлучено во Министерството за правда за постапка за набавка од мала вредност објавена со оглас број 12942/2019 на ден 12.12.2019 година заведена под број 05-4651/3

*Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија*

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

*Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 12942/2019*

*Одобрено од страна на претседателот на Комисијата за јавни набавки – Ацо Живковски, Раководител на одделение*